# Терапија со еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити кај пациенти хронично зависни од трансфузија-наши искуства

Витларова Ј., Камчев Н.; Иванова Л. Причкова И., Панева Ж., Камчев Д.
РЕ Трансфузиологија, Медицински центар-Штип, Р. Македонија

## ЦЕЛ

Реално да се прикаже ефектот од терапија со еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити кај пациенти хронично зависни од трансфузија, хоспитализирани и лекувани во Дневната трансфузиолошка болница во Штип.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во периодот од 01.01.1999 година до 30.03.2000 година хоспитализирани се и лекувани вкупно 10 болни хронично зависни од трансфузија на еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити од кои 4 болни со Thalassemia major и 6 болни со Sy nyelodisplasticum. Болните беа трансфундирани еднаш месечно со по најмалку две дози на еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити.

## РЕЗУЛТАТИ

Со употреба на овие филтри добиени се еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити за околу 99-99,9% со што беа спречени несакани ефекти од трансфузија на алогени леукоцити.

## ЗАКЛУЧОК

Клиничката евиденција покажа дека филтрацијата пред чувањето т.н. “prestorgage filtration” е поефикасна од филтрацијата после чување во фрижидер. Таа е ефикасна во редукција на несаканите ефекти од трансфузија на алогени трансфузии кај пациенти со таласемија мајор и миелодиспластичен синдром.